Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 47-та седница одржана на 30.12.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-4703/1 од 25.12.2020 година за поведување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр. 10-4701/1 од 25.12.2020 година.

2. Советот заклучи против Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 14 од Законот за медиуми, телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на 15 декември 2020 година, во изданијата на емисијата „Ирис вести“ и во емисијата „Неделно интервју“ преземена од Радио Слободна Европа не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4702/3**

30.12 **2020 година** во 13:05
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**